Согласно Програмата за локален економски развој на Општина Кисела Вода за 2021 година, потпрограма ГД0 Проекти за енергетска ефикасност ("Службен гласник на Општина Кисела Вода", бр 01/2021,,) и согласно Правилникот за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода", бр 05/2021,,), Општина Кисела Вода објавува

ЈАВЕН ПОВИК

За финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на Општина Кисела Вода.

**1. Предмет на јавниот повик:**

• Користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Кисела Вода, со намена за надоместување на дел од трошоците направени за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на Општина Кисела Вода.

• Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2021 година, програма за локален економски развој, потпрограма ГД0 Проекти за енергетска ефикасност во износ од 3.000.000 денари.

• Финансиските средства, ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбените згради искористени за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на Општина Кисела Вода, во износ од 30% од вредноста,но не повеќе од 200.000,00 денари.

**2. Право на учество на јавниот повик имаат:**

• Право на учество имаат сите влезови поединечно кои имаат регистрирано заедница на сопственици на станови или имаат избрано управител на станбените згради на подрачјето на Општина Кисела Вода, кои ги исполнуваат условите и ја доставиле потребната документација.

**3. Потребна документација за пријавување:**

• Образец „Барање за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на Општина Кисела Вода";

• Одлука за поправка и санација на постоечкиот лифт/ови на станбени згради потпишана од мнозинството сопственици на посебни делови на станбената зграда;
• Понуда од економски оператор со детален опис по позиции;
• Одлука или изјава со која се потврдува дека ќе се обезбедат 70% од потребните средства за поправка и санација на лифт/ови на нивната станбена зграда;
• Копија од жиро сметката на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда;
• Одлука донесена од станарите за избор на претседател на заедницата на сопственици на станови или Договор за управувачки услуги (доколку работите на управувањето со станбената зграда се доверени на управител);
• Мислење од независно тело со кое е утврдено дека лифтот е технички неисправен и чекори кои треба да се превземат за усогласување на лифтот со важечките стандарди;

**4. Критериуми и услови за учество:**

• Барањето за финансиската поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода, заедниците на сопственици и управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку Архивата на Општина Кисела Вода до Комисијата за спроведување на постапката.

• Архивата на Општина Кисела Вода примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата (критериум: прв дојден, прв услужен)

**5. Комисија :**

• За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства, Градоначалникот на Општина Кисела Вода формира Комисија (од 5 члена).

• Комисијата е составена од претседател и 4 члена од редот на вработените во администрацијата на Општината.

• Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни или овластени лица да направат увид на лице место, како

и да бара друга дополнителна документација доколку смета дека тоа е потребно. Комисијата е должна да достави предлог за доделување на финансиските средства до градоначалникот.

• Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на критериумите и доставува предлог до Градоначалникот на Општина Кисела Вода за усвојување или неусвојување на барањето за добивање на финансиски средства.

• Градоначалникот на Општина Кисела Вода врз основа на предлогот носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, подносителот писмено се известува за неусвојувањето.

• Подносителот на барањето е должен во рок од 30 дена од приемот на Решението со кое се усвојува барањето, да склучи договор со економскиот оператор и за тоа да ја извести комисијата.

• Доколку подносителот на барањето не постапи согласно став 3 од овој член, Решението ќе се поништи,

• Општина Кисела Вода, финансиските средства ќе ги исплати веднаш по исполнување на преостанатата парична обврска што ја има подносителот на барањето кон економскиот оператор .

**6. Рок и начин на доставување на пријавите:**

• Јавниот повик ќе трае до исцрпување на предвидените средства за оваа намена во Буџетот на Општина Кисела Вода, а најдоцна до 31.12.2021 година.

• Огласот и “Барањето за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на Општина Кисела Вода” за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да ги подигнат од архивата или од веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk .

• Барањето со потребната документација да се достави или преку пошта или лично во Архивата на Општината Кисела Вода (од 08:00 до 15:00 часот), на ул. „Петар Делјан“, бр.17, 1000 Скопје.

Подетални информации, заинтересираните можат да добијат на телефонскиот број 078/315-591 Борис Симеонов, или на електронската пошта boris.simeonov@kiselavoda.gov.mk

7. Личните податоци собрани заради остварување на целта заради кои се собрани ќе бидат уништени согласно член 23 став 1 и 2 од Законот за заштина на личните податоци, а во врска со Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

8. Напомена:

Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**Број:**
**Датум:**

**Комисија за утврдување на исполнетост на условите за доделување на финансиски средства за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода**